# Дневна хемеротека за *15.04.2015г.*

## Lider - [*Министерот Изаири се сретна со раководството на канадската корпорација Трафор*]

Среда, 15 Април 2015 | Вести денес: 31

ЕКОНОМСКИ LIDER Ми се допаѓа 13 илјади

14.04.2015 | 19:15

### Министерот Изаири се сретна со раководството на канадската корпорација Трафор

Tweet 0 | g+1 0 | Сподели 2 | Ми се допаѓа | Споде



Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска оствари работна средба со претседателот и со извршниот директор на канадската корпорација Трафор, Јоаким Трабанд и Јоаким Џозеф Патзелт.

Презентирани беа достигнувањата на компанијата, можностите и новите методи за финансирање проекти, како и можностите за остварување на идната соработка.

На средбата присуствуваа и вицепремиерот задолжен за имплементација на рамковниот договор Муса Џафери, како и министерите за економија и за локална самоуправа, Беким Незири и Лирим Шабани.

## Сител - *Министерот Изаири се сретна со раководството на канадската корпорација Трафор*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска оствари работна средба со претседателот и со извршниот директор на канадската корпорација Трафор, Јоаким Трабанд и Јоаким Џозеф Патзелт.

## Канал5 - *Министерот Изаири се сретна со раководството на канадската корпорација Трафор*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска оствари работна средба со претседателот и со извршниот директор на канадската корпорација Трафор, Јоаким Трабанд и Јоаким Џозеф Патзелт.

# Yll Press - [Ministri Izairi u takua me udhëheqësinë e korporatës kanadeze Trafor]

E mërkurë, 15.04.2015

...shkruan për të (mos) ndryshuar botën...

Kreu | Politikë | Shoqëri | Ekonomi | Komunat | Analiza | Arsim | Kulturë | Repo

## Ministri Izairi u takua me udhëheqësinë e korporatës kanadeze Trafor

**Janë prezantuar arritjet e kompanisë, mundësitë dhe metodat e reja për financim të projekteve, si dhe mundësitë për realizim të bashkëpunimit të ardhshëm.**

Zmadho fotografinë



Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi sot realizoi takim pune me kryetarin dhe me drejtorin ekzekutiv të korporatës kanadeze Trafor, Joakim Traband dhe Joakim Xhozef Patzelt.

Janë prezantuar arritjet e kompanisë, mundësitë dhe metodat e reja për financim të projekteve, si dhe mundësitë për realizim të bashkëpunimit të ardhshëm.

Në takim morën pjesë edhe zëvendëkryeministri i angazhuar për implementim të Marrëveshjes së Ohrit Musa Xhaferi, si dhe ministri i Ekonomisë dhe ai i Vetëqeverisjes Lokale, Bekim Neziri dhe Lirim Shabani.

Zmadho fotografinë



Ministri Izairi u takua me udhëheqësinë e korporatës kanadeze Trafor

Zmadho fotografinë



Ministri Izairi u takua me udhëheqësinë e korporatës kanadeze Trafor

## Idividi - *Ministri Izairi u takua me udhëheqësinë e korporatës kanadeze Trafor*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi sot realizoi takim pune me kryetarin dhe me drejtorin ekzekutiv të korporatës kanadeze Trafor, Joakim .

## Portalb - *Bashkëpunimi ndërkufitar – mundësi e mirë për zhvillim të qëndrueshëm ekonomik*

Lajme lidhur me temën Qeveritë Kosovë-Maqedoni së shpejti takim të përbashkët Neziri: Me projekte të përbashkëta për përmirësim të bashkëpunimit mes Maqedonisë dhe Shqipërisë Misteri i Mavrovës

## Zhurnal - *Prezantohen mundësitë për infestime nga jashtë*

Ministri për Vetëqeverisje Lokale Lirim Shabani mori pjesë në takimin që u mbajtë sot në hotelin “Stone Bridge” ku u debatua lidhur me investimet nga jashtë si koncept për zhvillim .

## Sky - *Нови штетни честички присутни во воздухот во Тетово*

Sky дознај сè! .mk

# Нови штетни честички присутни во воздухот во Тетово

Детали Создадено На Вторник, 14 Април 2015 21:51 Датум на објавување
Категорија: Локално

Like Share 0 Share
Tweet 0

It's gone. Undo
What was wrong with this ad?
Inappropriate
Irrelevant
Repetitive
Google

Во воздухот во Тетово се појави нов загадувач, кој повеќе месеци ги надминува дозволените граници. Се работи за озон, присутен во приземниот слој на атмосферата, чија концетрација не треба да биде поголема од 120 микрограми на еден кубен метар, а присуството на озонот во воздухот достигна и двапати поголема вреднот од дозволеното, покажуваат неколкуте податоци на Министерството за животна средина објавени годинава.




Озонот предизвикува иритација на очите и на грлото, кашлица, проблеми во респираторниот тракт, астма и отшетување на белите дробови, вели

It's gone. Undo
What was wrong with this ad?
Irrelevant

Irrelevant
Repetitive
Inappropriate

Google

доктор Ратко Давидовски, специјалист по хигиена и здравствена екологија. Според него, главен причинител за зголемената концетрација на озонот во воздухот се издувните гасови од возилата.

– Штетниот озон се наоѓа во тропосферата, во зоната на дишење, за разлика од корисниот озон, кој се наоѓа во стратосферата и ја штити земјата од ултравиолетовите зрачење. Штетниот озон настанува под дејство на азотниот диоксид и јаглеродниот водород, кои се лесно испарливи органски соединенија, а главен причинител за нивно создавање е зголемената концетрација на сообраќајот и сообраќајнит хаос присутен во градот неколку години наназад – изјави Давидовски.

Со зголемената концетрација на озон во воздухот, индексот на аерозагаденост во градот е влошен со уште еден параметар. Од вкупно пет штетни супстанции, во воздухот во Тетово изминативе неколку месеци, регистрирани се три штетни параметри: ПМ10-четичките, озонот, а пред околу два месеци имаше и присуство на азотен диоксид, кој, исто така, ги надмина дозволените граници.

– Големото присуство на озон и на азотен диоксид ја зголемуваат концетрацијата на ПМ10-честички, кои се најопасни по здравјето на човекот и секојдневно се присутни во воздухот – изјави д-р Давидовски.

И покрај штетните супстанции, кои во воздухот ги предизвикува сообраќајниот хаос, градските власти засега не презеле конкретни мерки за ублажување на состојбата во сообраќајот. Граѓаните велат дека во Тетово нема доволно паркиралишта, кој како сака се паркира, а сето ова го парализира сообраќајот.

Од Општина Тетово неколкупати најавија спроведување на мерки во сообраќајот, кои би го намалиле аерозагадувањето, меѓу кои забрана за достава на стока од 8 до 18 часот, пренасочување на тешките товарни возила надвор од градот и отворање на повеќе паркиралишта. Но, од наведените мерки засега во практика ништо не е реализирано. Концетрацијата на штетниот озон и на ПМ10-честички во воздухот во Тетово и изминативе неколку дена ги надминува дозволените граници.